**Општина Гевгелија**

**-Совет на Општина Гевгелија-**

**<u>Точка бр.3</u>**

**”Предлог-Заклучок за утврдување на Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година”**

**Предлагач:**
Градоначалник на Општина Гевгелија

**Изработка:**
Општинска администрација

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2021 година, по расправата за Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2022 година, го донесе следниот,

## ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2022 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.ПоНацрт-програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2022 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-
06.12.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**д-р Патрик Матх, с.р.**

Врз основа на член 14 став 4 и 15 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2021 година, донесе:

# НАЦРТ - ПРОГРАМА
## за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година

### Член 1

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во 2022 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

### Член 2

Висината на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици, се утврдуваат во износ од 23.600.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

1. Трансфери и финансиска поддршка од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Биро за регионален развој;

1.3. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | J | | **Комунални дејности** | **23.600.000,00** |
| 1 | | Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.000.000,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 19.600.000,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.000.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **23.600.000,00** |

### Член 3

Средствата во висина од 23.600.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | опис | износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| | Ј6 | Ј60 | | | | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ** | **3.000.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | | **Поправки и Тековно одржување** | |
| | **1.1** | | **Одржување на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Зимско одржување на општинските патишта и улици | |
| | | 1.1.2 | Расчистување на општинските патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец, Негорци-Серменин, Миравци - Петрово и крак кон Габрово, пат кон Ума | |
| | **1.2** | | **Поправка и одржување на опрема** | |
| | | 1.2.1 | Поправка и одржување на семафори | |
| **ЈД** | | | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | **19.600.000,00** |
| **ЈД0** | | | **Изградба и реконструкција на општински патишта и улици** | **18.000.000,00** |
| | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во Гевгелија и населените места | |
| | | 1.1.2 | Изработка на проектна документација за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта во Општина Гевгелија | |
| | | 1.1.3 | Изработка на проектна документација за сообраќајни решенија за крстосници и кружни текови во Гевгелија и населените места | |
| | 2 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | |
| | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | 3 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 3.1.1 | Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) I и II фаза | |
| | | 3.1.2 | Изградба на ул.„Александар Бел“ Мрзенски рид Гевгелија I и II фаза | |
| | | 3.1.3 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | | 3.1.4 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | 3.1.5 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | 3.1.6 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 9 во Гевгелија | |
| | | 3.1.7 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија | |
| | | 3.1.8 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | 3.1.9 | Изградба на улици во с.Негорци | |
| | | 3.1.10 | Изградба на улици во с.Миравци | |
| | | 3.1.11 | Изградба на улици во Богородица, Мрзенци, Давидово | |
| | | 3.1.12 | Уредување на влезната улица во с.Конско | |
| | | 3.1.13 | Уредување на улици во с.Кованец (улица од училиштето до центарот на селото) | |
| | | 3.1.14 | Изградба на улица од црквата во Ума (спојување 150м) со калдрмата | |
| | | 3.1.15 | Изградба на мост во Давидово (спроти трансформаторот) | |
| | 4 | | **Реконструкција на улици и патишта** | |
| | | 4.1.1 | Реконструкција на улици во Гевгелија | |
| | | 4.1.2 | Реконструкција на улици во Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци, Прдејци, Богородица | |
| | | 4.1.3 | Реконструкција на улици или краци на улици во руралните населени места. | |
| **ЈДА** | | | **Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци** | **200.000,00** |
| | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.1 Проектна документација | |
| | **ЈДЦ** | | **Изградба на Заобиколен пат околу Гевгелија (Јужен Булевар)** | **200.000,00** |
| | | **1** | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 Изградба (на заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар) | |
| | **ЈДМ** | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Ума** | **200.000,00** |
| | | **1** | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 Изградба (довршување) на патот за с.Ума | |
| | **ЈДР** | | **Продолжување на Булевар Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“)** | **1.000.000,00** |
| | | **1** | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) I и II фаза | |
| **ЈФ** | **ЈФ0** | | **ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | **1.000.000,00** |
| | | **1** | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 Проектна документација за сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија | |
| | | **2** | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | |
| | | | 2.1.1 Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и општински патишта | |
| | | | 2.1.2 Обележување на улици и општински патишта со хоризонтална сигнализација | |
| | | | 2.1.3 Набавка и поставување на табли со имиња на улици, куќни броеви и др. | |
| | | | 2.1.4 Изградба (поставување) на семафори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ (Ј6, ЈД и ЈФ)** | **23.600.000,00** |

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **23.600.000,00** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.000.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 19.600.000,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **23.600.000,00** |

**Член 4**

Програмата ја извршува Градоначалникот на Општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија”, а се применува од 01.01.2022 година.

Бр.09-______
______2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија

***Патрик Матх***

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година, е изготвена врз основа на Законот за јавните патишта и во истата се планирани извори на приходи во висина од 23.600.000,00 денари.

Оваа Програма, заедно со останатите програми, претставуваат план на капиталните инвестиции на Општина Гевгелија за 2022 година.

Во оваа Програма се прикажани и проектите кои се предвидени во Планот на програмите за развој на Општина Гевгелија за периодот 2022-2024 година.

Изворите на приходи за финансирање на оваа програма се Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од: Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици; Биро за регионален развој; Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој; Надоместок за уредување на градежно земјиште; Комунални такси; Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ; Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Сметаме дека планирањето на приходите е реално, меѓутоа сето тоа зависи од редовното плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште од страна на физичките и правните лица, односно од приливот на нови предмети за склучување на договори за плаќање на надоместокот. Остварување на планираните приходи ќе зависи и од обемот на продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ и остварените цени на јавните наддавања за продажба на земјиштето, како и од висината на трансферите од владините институции.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во потпрограмите Ј6 Одржување и заштита на локалните патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот, ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици и ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација.

Трошоците за реализација на оваа Програма се прикажани во член 3, и истите се во висина од 23.600.000,00 денари.

Расходите во потпрограмата Ј6. Одржување и заштита на локалните патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот, се наменети за тековно одржување на улиците и патиштата, зимско одржување, потоа расчистување на улици и патишта како и поправка и одржување на семафори. Овие активности се финансираат од наменските средства од Јавното Претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици.

Расходите во потпрограмите ЈД. Изградба и реконструкција на локални патишта и улици и ЈФ. Изградба на сообраќајна сигнализација, се однесуваат на изработка на проектна документација за изградба на улици, патишта, мостови и сообраќајна сигнализација, потоа за изградба и реконструкција на улици и патишта и поставување на сообраќајна сигнализација.

Овие активности се финансираат од наменските средства од Јавното Претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, Агенцијата за рамномерен и регионален развој, потоа од средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште, комуналните такси и приходот од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ.

Оваа програма е изготвена врз основа на потребите за ефикасно одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Гевгелија, што е континуиран процес, потоа реализација на нови проекти, како и продолжување на започнати работи од минатите години.

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина